# З А П И С Н И К
## од 43-та седница на Совет на Општина Демир Хисар
## одржана на 26.12.2024 година

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 10.00 часот.
На седницата присутни беа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска и Сандра Пејковска.
На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутни беа Влатко Станковски, Марина Поповска, Мише Милошевски, Катерина Огненовска и Сузана Цуцуловска. На седницата присутен беше Владиката Јован Митрополит на новосоздадена Крушевско-демирхисарска епархија на МПЦ и отец Тони Смутковски. На седницата присутни беа беа претставник од основните училишта Мирјана Пејчиновска, од СОУ „Крсте П Мисирков“ Демир Хисар Сузана Мицевска, претставник на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар Зоранчо Здравевески, директоротот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар Гоце Мицковски,претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС Иван Кузмановски. Претставник на станарите од зграда 1 Гоце Јончевски.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 42 ра седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот беше усвоен со 11 „за“
-Усвојување на записник од вонредна седница одржана на 03.12.2024 година
Записникот беше усвоен со 11 „за“ без забелешки.
-Усвојување на записник од вонредна седница одржана на 11.12.2024 година
Записникот беше усвоен со 11 „за“ без забелешки.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Информација за изградбата на храмот Св.Кирил и Методиј во Демир Хисар (гостин Владика Јован)
2. Давање Мислење на Програма за реализација на ученичка екскурзија за III одделение од ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година.
3. Давање Мислење на Програма за реализација на ученичка екскурзија за VI одделение од ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година.
4. Давање МИслење на Програма за реализација на ученичка екскурзија за IX одделение од ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година.
5. Донесување на Одлука за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2025 година.
6. Донесување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2025/2026 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар.
7. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2025 година.
8. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2025 година.

9. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2025 година.
10. Донесување на Програма за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2025 година.
11. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2025 година.
12. Донесување на Програма за јавно осветлување за 2025 година на подрачјето на општина Демир Хисар.
13. Донесување на Годишна програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2025 година.
14. Донесување на Предлог Програма за ревитализација по елиминарање на кризи во областа на заштита и спасување за 2025 година.
15. Донесување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во 2025 година.
16. Донесување на Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2025 година
17. Донесување на Програма за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2025 година.
18. Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за објект со намена Е1.5 инфраструктура за водоснабдување-цефковод за транспорт на технолошка вода на КП 1323 и др. за КО Демир Хисар Вон град и КП 68 и КП 67 КО Стругово, Општина Демир Хисар.
19. Донесување на Програмата за Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2025 година.
20. Донесување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2025 година.
21. Донесување на Предлог Годишна Програма за активности еднакви можности на жените и мажите во општина Демир Хисар за 2025 година.
22. Донесување на Буџет на Општина Демир Хисар за 2025 година.
23. Донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година.
24. Донесување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2025 година.
25. Донесување на Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2025 година.
26. Донесување на Одлука за времено финансирање на Општина Демир Хисар за 2025 година.
27. Донесување на Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2025 година.
28. Усвојување на Финансиски извештај за остварени резултати на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период 01.01.2024 до 30.09.2024 година.
29. Донесување на Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2025 година.
30. Донесување Решение за разрешување и именување на членови за УО на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар.
31. Донесување на Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила.
32. Разгледување на барање од Стевче Стевановски од Демир Хисар.
33. Разгледување на барање од Сашо Ѓорѓиовски од с.Обедник општина Демир Хисар.
34. Разгледување на Барање за финансика помош од Васко Спировски од Демир Хисар.
35. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на Дневниот ред со две точки Донесување на Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина

Могила и Разгледување на Барање за финансика помош од Васко Спировски од Демир Хисар. Забелешки немаше. Со 11 „за“ беше усвоен Дневниот ред со дополнувањето.

***ТОЧКА 1. Информација за изградбата на храмот Св.Кирил и Методиј во Демир Хисар***

Во врска со Информацијата за изградбата на храмот Св.Кирил и Методиј во Демир Хисар претседателот на Советот Љупчо Најдовски имаше воведно излагање. Целта е сите овде заедно да ги објаснат активностите и пречките за реализација на ова прокет, во Буџетот се планирани 300.000 за изработка на УП за парцелата за храмот. Потоа му даде збор на Владиката Јован да даде подетално објаснување за активностите. Владиката Јован изрази посебна чест да биде присутен на седница на Совет на општина Демир Хисар, додаде заинтересираност за изградба на црквата има од сите срани. Тоа што остава впечаток Демир Хисар е единствен град каде нема црква во центарот на градот, и добро е тоа што сите сакат да се изгради, затоа уште од првиот ден како епархиски архиреј ги започнал подготвителните активности да се изгради црквата. Од предходно остварените средби и разговорите најпрво треба да се реши проблемот со парцелата, треба тоа да се реши за да може земјиштето да се префрли на МПЦ, за да се забрзаат работите во меѓувреме се разговара со архитект од Прилеп за изработка на проект. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни има изготвено проект. Владиката Јован објасни се обидов но неуспеав да добијам примерок од тој проект затоа ќе се изготви нов проект. Тој можеби бил само идеен проект, сепак важен е деталниот проект, потоа даде насоки кој содржини треба да ги има односно да има подрумски дел на црквата, да има магацински простор, за да не се губи време паралелно да се работи. Важно е од страна на општината и градоначалникот малку да се придвижат работите околу парцелата и изработката на УП да се одреди каде ќе биде поставена црквата, изготвен е идејниот проект околу 2.500 евра ќе кошта изработката на проектот. Градоначалникот Никола Најдовски објасни изминативе две години имав сознание дека има определено парцела и дека е подготвена за градба, но после излезе дека нема парцела дека треба да се изработува УП за дел од ДУП да се оформи парцела, за црквата, бидејќи како што стојат сега работите таа е една голема парцела која опфаќа повеќе објекти. Изработката на тој УП би изнесувал околу 5-6.000 евра затоа има планирано средства. Со оваа постапка ќе се оформи парцелата и ќе може да се даде на МПЦ. Раководителката Сузана Цуцуловска објасни ќе се изготви УП за катастарска парцела која е поголема дел е пополента и ќе се оформи парцела на која ќе се гради црквата, откако ќе се оформи градежната парцела ќе може да се додели на МПЦ, се одолговлекуваше, бидејќи со стариот закон требаше комисија од архитекти, но со измените на законот нема потреба од таа комисија, затоа и се одолговлекуваше за да можи комисијата за јавни набавки да распише оглас за да се продолжи постапката. Потоа додаде кога ќе се оформи градежната парцела ќе бидете известени за да може да се изработи проектот, сите активности кои ќе се преземаат да бидат во контатк со општината, да има постојана координација да се знае колкава површина ќе биде објектот. Градоначалникот Никола Најдовски дополни со донесување на Буџетот на општината ќе се започне постапката која е надлежност на општината ќе се оформи парцелата. Ќе се помогне колку што се надлежностите на општината, ќе бидеме попрактични ќе одиме чекор по чекор. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде има подршка од сите да се почната работите и да има постојана координација. Од страна на присутните дискусијата беше завршена.

***ТОЧКА 2. Мислење на Програма за реализација на ученичка екскурзија за III одделение од ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година***

Во врска со предлог Програмата за реализација на ученичка екскурзија за III одделение од ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година советниците немаа забелешки. Едногласно со 11 „за“ беше дадено позитивно мислење.

***ТОЧКА 3. Мислење на Програма за реализација на ученичка екскурзија за VI одделение од ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година***

За Програмата за реализација на ученичка екскурзија за VI одделение од ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година советниците немаа забелешки. Едногласно со 11 „за“ беше дадено позитивно мислење.

***ТОЧКА 4. Програма за реализација на ученичка екскурзија за IX одделение од ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година***

За Програмата за реализација на ученичка екскурзија за IX одделение од ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година советниците немаа забелешки. Едногласно со 11 „за“ беше дадено позитивно мислење.

***ТОЧКА 5. Одлука за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2025 година***

За Одлуката за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2025 година објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 6. Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2025/2026 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар***

За Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2025/2026 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 7. Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2025 година***

Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2025 година беше донесена од комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Советничката Марина Димитријовска истакна дел од барањата не се исплатени, а средствата планирани во програмата се намалени, предходно имавме измени во правилникот, да се почитуваат тие измени. Советничката Сандра Пејковска додаде само една измена имаше во правилникот, потоа додаде општинската администрација да ги испраќа на комисијата само барањата кои ги исполнуваат критериумите да бидат одобрени. Градоначалникот Никола Најдовски објасни комисијата треба да ги разгледува барањата и да одлучува, не можи општинската администрација да ги одбива, затоа е комисијата. Имаше објавено повик за работно ангажирање на невработени лица, никој не се пријавуваше, а бараат средства, има лица кои имаат поднесено барање, а се добро ситуирани, целта е овие средства да се доделуваат на семејства каде се најпотребни. Да се дава помош на лица кои имаат проблеми, има ситуации кога има две барања со слични ситуации некаде се дава 500 евра некаде 2.000 евра има реакција, треба да се има некој став или правилник да нема вакви одлуки. Ако треба да се даде и поголема сума на семејства кои имаат навистина потреба и да има соодветна документација. Советникот Аце Јанкуловски додаде има специфични случаеви. Раководителот Мише Милошевски додаде го немам видено новиот правилник, заради поголема транспарентност да не одлучува само градоначалникот и администрацијата е вклучена и комисијата за општествени дејности. Стојам на ставот администрацијата само да ги прибира документите, а комисијата да одлучува, во правилникот има определено максимална сума до две просечни плати. Советничката Сандра Пејковска додаде некомплетни предмети да не се доставуваат до комисијата. Раководителот Мише Милошевски рече ќе пренеси за забелешката. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше донесен правилникот.

***ТОЧКА 8.Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2025 година***

Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2025 година беше донесена од страна на комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Советничката Марина Димитријовска забележа во точките 3,4 и 5 зошто нема определено планирани средства поединечно за секоја активност, само вкупен износ. Раководителот Мише Милошевски објасни секогаш вака била планирана програмата, не е спорно можи и да се раздвои. Градоначакникот Никола

Најдовски објасни предходната година турнирот Валентин Стефановски не се одржа планирани беа 40.000 не се исплатени средства, не е спорно ништо ако се одржи ќе се исплатат. Советничката Сандра Пејковска истакна нема потреба да се одвојуваат. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше донесена програмата.

***ТОЧКА 9. Програма за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2025 година***

Програмата за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2025 година беше донесена од страна на комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Советничката Марина Димитријовска предложи да се подржуваат и други здруженија. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена програмата.

***ТОЧКА 10. Програма за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2025 година***

Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2025 година беше донесена од страна на комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена програмата.

***ТОЧКА 11. Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2025 година***

Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2025 година беше донесена од страна на комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена програмата.

***ТОЧКА 12. Програма за јавно осветлување за 2025 година на подрачјето на општина Демир Хисар***

Програмата за јавно осветлување за 2025 година на подрачјето на општина Демир Хисар беше донесена од Комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше раководителот Мише Милошевски при тоа објасни оваа година намалени се трошоците за потрошена електрична енергија и за одржување, општината отплаќа долг кон ЕВН. Советничката Марина Димитријовска праша за приходите, раководителот Милошевски објасни приходите не зависат од нас. Дискусија повеќе немаше. Програмата беше донесена со 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 13. Годишна програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2025 година***

Годишната програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2025 година беше донесена од комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше раководителката Сузана Цуцуловска. Дискусијуа немаше. Програмата беше донесена со 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 14. Програма за ревитализација по елиминарање на кризи во областа на заштита и спасување за 2025 година***

За Програмата за ревитализација по елиминарање на кризи во областа на заштита и спасување за 2025 година дискусија немаше. Програмата беше донесена со 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 15. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во 2025 година***

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во 2025 година беше донесена од комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС објасни претседателот на комисијата Иван Кузмановски. За програмата објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. Програмата беше донесена со 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 16. Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2025 година***

Програмата за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2025 година беше донесена од комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС објасни претседателот на комисијата Иван Кузмановски. За програмата објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска, при тоа онагласи дека комисијата имаше забелешка се постапи по забелешката се измени предложената програма. Советникот Јордан Кромидаровски истакна имаше забелешка за предложената програма сега се корегирала бидејќи Смилево не беше планирано, сега се планира да се аплицира за локален пат Смилево за која улица се работи. Претставникот Катерина Огненовска објасни за главната улица така гласи проектот. Советникот Јордан Кромидаровски предложи да се планираат два проекти и двете улици во Смилево кои се во многу лоша состојба. Градоначалникот Никола Најдовски објасни предлогот е на место можи да се планираат зошто да не, ова во програмата е само предлог ако има можност ќе се реализираат и други проекти ќе се работи на повеќе места. Советничката Марина Димитријовска забележа предходно беше планиран техничка документација на улица во Сопотница не само што не се реализира, истата се тргна од програмата. Исто така да се планира и дозавршување со реконструкција на речно корито во Сопотница. Градоначалникот Никола Најдовски објасни прво планиравме во програмата да ги ставиме само тие каде има обезбедно средства, имавме организирано средба со месните заедници побаравме од нив да ни достават планирани проекти и врз основа на тоа ги планиравме програмите, за Сопотница немаше побарано да се изготви техничка документација на улицата, нема усогласенот во барањата. На барање од комисијата се направени измени во програмата. За регулација на речните корита објасни градоначалникот треба да се изработат проекти потоа согласност од министерство за животна средина многу тешко оди постапката, досега немало никогаш такви проекти. Тие се најубавите проекти и најбарани, но проблематична е документацијата. Советникот Сашо Михајловски предложи да се планира делот од мостот во Мургашево до црквата тој дел е во многу лоша состојба. Со забелешката се согласи Градоначалникот Никола Најдовски тој дел е навистина во многу лоша состојба, се планира со реконструкција на патот за Вардино да се офати, ако не влези во тој проект ќе се направи дополнително само до црквата. Дискусијата беше исцрпена. Со 11 „за“ беше донесена програмата со дополнувањата.

***ТОЧКА 17. Програма за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2025 година***

Програмата за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2025 година беше донесена од комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС објасни претседателот на комисијата Иван Кузмановски. За програмата објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска при тоа објасни на комисијата имаше забелешки да се дополни со техничка документација за уредување на речното корито во Сопотница исто така и за водоводот во Загориче. Градоначалникот Никола Најдовски праша што треба да се направи за да се реши проблемот со водата во Загориче што конкретно се бара. Советникот Валентин Несторoски објасни овај проблем е долгогодишен има три бушотини, се иработи нов резервоар, стариот резервоар се распаѓа протекува, вода нема, треба да се најде решение. Со водоводот стопанисува ЈКП „Комуналец“ . Раководителката Сузана Цуцуловска предложи да се направи анализа да се види дали бунарот има издашност, да се бара помош од стручни лица хидроинженери да провери каде е проблемот и кое е решението. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се донесе заклучок да се бара помош од стручни лица да се види каде е проблемот и кое е решението. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше донесена програмата.

***ТОЧКА 18. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за објект со намена Е1.5 инфраструктура за водоснабдување-цефковод за транспорт на технолошка вода на КП 1323 и др. за КО Демир Хисар Вон град и КП 68 и КП 67 КО Стругово, Општина Демир Хисар***

Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за објект со намена Е1.5 инфраструктура за водоснабдување-цефковод за транспорт на технолошка вода на КП 1323 и др. за КО Демир Хисар Вон град и КП 68 и КП 67 КО Стругово, Општина Демир Хисар се разгледуваше на комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС но комисијата не гласаше за истата објасни претседателот на комисијата Иван Кузмановски. Забелешката се однесуваше на нееднаквиот пристап на општината кон странките, бидејќи инфраструктурата која ќе се планира со

оваа одлука веќе е изградена и сега треба да се донеси одлука и да се издаде одобрение за градба на веќе изградена инфраструктура. Да не се свати погрешно не е против инвеститорите нити е на став да не се реши ова, но ако можело за ова да се најде решение истото да се озакони, тогаш на сличен начин да се најде решение за сите предмети кои стојат во одделението како проблематични има повеќе од 100 такви објекти. Оваа постапка можеа да ја почнат пред да ја изградат инфраструктурата, но тие прво изградија па потоа почнаа постапка за издавање одобрение за градба, нека се најди ваков модел нека се излезе во пресрет на сите кои имаат проблем. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски се согласи со предлогот да се донесе одлука да се излези во пресрет на сите кои имаат проблеми да се најде решение да се легализираат објектите. Раководителката Сузана Цуцуловска објасни не може така да помини, секој објакт е засебен, неможи во пакет со една одлука тоа можи само со закон така да се решаваат. Во овај случај има легален објект бараат дозвола ова цел процес се работи три години, неможиме сами ништо, се бара дозвола од министерство за животна средина, на легално изграден објект должни сме да му овозможиме пристап до вода и канализација. По закон сме должни да му овозможиме ако е бесправно изграден објект ќе го казнат давателот ако дозволи пристап. Претседателот на комисијата Иван Кузмановски додаде не се работи за објектот се работи за инфраструктура, нити намерата е да се спори целта е да се помогне на сите кои имаат проблеми ако за овде можело да се најде решение лично тој има сличен проблеми како и многу други, но од одделението за урбанизам  нема слух и желба да се помогне, сите се знаеме овде исто како и многу други и овај инвеститор немал обезбедено предходно документација, прво изградил па отпосле општината му обезбедува документација. Како претседател на Советот Љупчо Најдовски размислува дека оваа фирма е од стратешко значење и од интерес на општината да се донеси одлуката, исто така и забелешката од комисијата има своја тежина да се донеси заклучок одделението за урбанизам да најде начин сите спорни објекти да добијат дозвола да се најде начин како да се помогне. Претставникот Катерина Огненовска објасни за состојбата со објектот кој беше спомнат дека дел се легални дел не се и дека дел од земјиштето е на РСМ. Претседателот на комисијата Иван Кузмановски објасни тогаш и овај инвеститот нека го отстрани објектот и поново нека ја повтори постапката за да си добие дозвола, не е фер постапката. Нека се преслика постапката и за други објекти. Раководителката Сузана Цуцуловска објасни секој објект е специфичен за себе поднесете барање терајте ги постапките неможи оваа постапка да се преслика треба сопственост на земјиште. Раководителката Цуцуловска предложи да се донесат урбанистички планови, цела општина  Демир Хисар нема  УП. Претседателот на комисијата Иван Кузмановски додаде има некој кој немаа сопственост на земјиште па си ги легализираа објектите, нека се најде модел нека се помогне на луѓето. Потоа додаде јас почнав постапка за урбанизација и постапката трае години кога ќе појдев во одделението за урбанизам од тогашната раководителка Соња јас секогаш бев вратен со објаснување сега неможам, кај најде денеска, имам работа, имам обврски и други изговори и се откажав, и тоа да има законски рок ако оваа постапка трае години, јас кога ќе наполнам 70  години зашто ми е, кога ќе се доиселат сите од Демир Хисар. Нека се донеси одлуката не сум против тоа, но да стои во заклучок дека ќе се најде начин решение за сите објекти да се помогне да се легализираат, да се излези во пресрет на населението. Бидејќи немаше никој пријавено за дискусија Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се донеси Заклучок со кој се предлага Одделението за урбанизам, комунални работи и ЗЖС при општина Демир Хисар да излези во пресрет на сите странки кои имаат поднесено барање, да се најде начин за решавање на предметите кои се во постапка, а не се решени. Донесувањето на оваа Одлука да послужи како пример за изнаоѓање на начин да се решаваат постапките. Со 11 „за“ беше донесена одлуката со заклучокот.

***ТОЧКА 19. Програмата за  Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2025 година***

Програмата за  Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2025 година беше донесена од комисијата за урбанизам комунални работи и ЗЖС објасни претседателот на комисијата Иван Кузмановски. За програмата објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена програмата.

***ТОЧКА 20. Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2025 година***

Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2025 година од комисијата за урбанизам комунални работи и ЗЖС објасни претседателот на комисијата Иван Кузмановски. За програмата објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше донесена програмата против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 21. Годишна Програма за активности еднакви можности на жените и мажите во општина Демир Хисар за 2025 година***

За Програмата за активности еднакви можности на жените и мажите во општина Демир Хисар за 2025 година немаше забелешки Со 10 „за“ беше донесена против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 22. Буџет на Општина Демир Хисар за 2025 година***

Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година беше донесен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За Буџетот објаснување имаше претставникот Марина Поповска. При тоа објасни измени има во планираните средства за исплата на јубилејни награди досега се планираа на конто 401 и 404, со новите насоки овие средства ќе се планираат на конто 464 исто и кај основниот буџет и во програмите кај основните и средното училиште. Исто така измени има и во планираните средства во програмата Л0 за секој проект се планира подпрограма ЛА и ЛАА исто така и во програмите ЈД сите проекти се раздвоени во подпрограма износите на проектите се исти само се планираат секој проект во посебна подпрограма ова е по насока на Министерството за финансии и буџет. Претседателот на советот Љупчо Најдовски праша за ставката плаќање камата, потоа побара објаснување за планираните средства за субвенции и трансфер 4.342.000 исто да се објасни за сите планирани буџетски расходи од 1-8. Претставникот Марина Поповска објасни планирани се 900.000 во 2024 година плативме околу 800.000, затоа се планирани толку средства. Не касниме во почетокот каматите беа помали сега се поголеми. Раководителот Влатко Станковски објасни ова се каматите кои важат за Европа, овие камати се за трите кредити за патот за Смилево, за минибусите и за улиците во населбата. За планираните расходи претставникот Марина Поповска објасни од точка 1 се плати и надоместоци, точка 2 се резерви во основниот буџет се планирани кај градоначалник и тоа постојани резерви 10.000 и тековни резерви 200.000 (се плаќа за починато лице член на потесно семејство на вработени лица) , точка 3 стоки и услуги од тука се плаќа патни и други расходи, комунални услуги, горива, регистрација, оддржување на здради, поправки купување мебел, точка 4 каматите за кредитите, точка 5 субвенции и трансфери се плаќа за пензионирање на вработени, по судски, точка 6 социјални бенифиции ова е од програмата за еднократна парична помош, 7 капитални расходи изградба на патишта купување на информатичка опрема, 8 отплата на главница ова е за кредитите. Во табелата 1 се планирани неданочни приходите на општината. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи во програма градоначалник ставка 425 -300.000 за правни услуги за ангажирање на адвокат да се скратат да се префрлат во постојана резерва, смета дека нема потреба од ангажирање на адвокат. Градоначалникот Никола Најдовски објасни овие средства се потребни, мора да се ангажира адвокат кој ќе ја застапува општината за судските спорови, можеби се и малку средства адвокатот останува на истиот износ од предходно. Потребно е да има ангажирано адвокат. Претставникот Марина Поповска објасни од ставката постојана резерва неможи ништо да се исплаќа од таму, само ќе стојат средствата. Советничката Марина Димитријовска се согласи реално мора да има ангажирано адвокат, но ако истиот не си ја врши добро работата можи да се смени. Потоа додаде ставката 427 привремени вработувања е скратена дали овие средства се планирани во плати. Претставникот Марина Поповска објасни на 427 нема ништо планирано. Градоначалникот Никола Најдовски за адвокатските услуги објасни немаме забелешка за работата на адвокатот, досега нема изгубено спор. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски потврди останува на ставот за пренамена на средствата. Бидејќи немаше други предлози предлогот да се пренаменат средствата во програмата градоначалник од ставкна 425 во ставка 412 беше ставен на гласање. За

предлогот гласаа 2 „за“ 8 „воздржани“, против немаше. Предлогот не беше прифатен. Бидејќи немаше други предлози и никој не се јави за дискусија претседателот на Советот Буџетот за 2025 година го стави на гласање. За донесување на Буџетот гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 23. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година***

Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година беше донесена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За одлуката објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Дискусија немаше. Одлуката беше донесена со 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 24. Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2025 година***

Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2025 година беше донесена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За одлуката објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Дискусија немаше. Одлуката беше донесена со 9 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 25. Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2025 година***

Одлуката за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2025 година беше донесена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За одлуката објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Дискусија немаше. Одлуката беше донесена со 9 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 26. Бидејќи Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година беше донесен не се расправаше за Одлуката за времено финансирање на Општина Демир Хисар за 2025 година.***

***ТОЧКА 27. Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2025 година***

Буџетскиот календар на општина Демир Хисар за 2025 година беше донесен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За Буџетскиот календар објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Дискусија немаше. Одлуката беше донесена со 9 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 28. Финансиски извештај за остварени резултати на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период 01.01.2024 до 30.09.2024 година***

Финансискиот извештај за остварени резултати на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период 01.01.2024 до 30.09.2024 година беше донесен од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејкосвка. За извештајот објаснување имаше директорот Гоце Мицковски. Дискусија немаше. За усвојување на финансискиот извештај гласаа 7 „за“ 2 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 29. Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2025 година***

Програмата за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2025 година беше донесена со 9 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 30. Решение за разрешување и именување на членови за УО на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар***

Решението за разрешување и именување на членови за УО на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар беше разгледано од комисијата за мандатни прашања, избори и именување објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска при тоа напомена решението беше донесено со предлози Јасмина Василеска Перчаковска, Шундовски Горан и Ѓорѓиевски Ице. Други предлози немаше. Со 6 „за“ и 3 „воздржани“ беше донесено решението.

***ТОЧКА 31. Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила***

Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила беше донесена со 9 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 32. Разгледување на барање од Стевче Стевановски од Демир Хисар***

Стевче Стевановски од Демир Хисар имаше поднесено барање за финансиски средства за покривање на дел од штетата направена поради пожар во објект негова сопственост во с.Граиште.

градоначалникот Никола Најдовски објасни вакви барања има три едно предходно и две сега на оваа седница треба да се има некој критериуми со колкави средства да се помагаат исто и за други барања кои се разгледуваат на совет, се определуваат различни средства има реакција. Советниците одлучија ваквите барања да ги разгледува комисијата за опшетвени дејности согласно критериумите за состојба за социјален ризик од правилникот за еднократна парична помош. Затоа овие барања да се достават на разгледување на комисијата.

***ТОЧКА 33. Разгледување на барање од Сашо Ѓорѓиовски од с.Обедник општина Демир Хисар***

Сашо Ѓорѓиовски од с.Обедник општина Демир Хисар имаше поднесено барање за финансиски средства за покривање на дел од штетата направена од пожар на објект во негова сопственост во Обедник. Советот одлучи и ова барање да се достави до комисијата за опшествени дејности.

***ТОЧКА 34. Барање за финансика помош од Васко Спировски од Демир Хисар***

Васко Спировски поднесе барање за еднократна парична помош за лекување на неговата сопруга која е во тешка здравствена состојба. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни се работи за случај кој има потреба од итно средства за лекување затоа Советот да донеси одлука за доделување финансиска помош. За ова барање советниците одлучија да не се определува сума него во рамките на можностите општината да даде финансиска помош. Со 10 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 35.Предлози и прашања***

На седницата присутен беше Гоце Јончевски станар од зграда 1 во Демир Хисар ги запозна советниците за проблемите со кои се соочуваат станарите со канализацијата. На неколку пати е вбарано да се реши овај проблем, потоа праша дали ова барање ќе се разгледа во 2025 година. Градоначалникот Никола Најдовски објасни за овај проблем се расправаше на повеќе наврати се бара решение. Не е проблем да се реши, нити се проблем финансиите проблем е какво решение да се најде. Разговарано е со сопствениците на нивите од нивна страна нема никаков проблем да се спроведи низ нивите, проблем е тоа што зградата е на многу ниско ниво нема пад за спроведување на отпадните води. Раководителот Мише Милошевски објасни овај проблем е разгледуван 25 години не се најде решение. Присутниот претставник Гоце Јончевски објасни кога се асвалтираше улицата Гоце Делчев се зголеми проблемот да се затвори тој дел од канализационата мрежа да не врви тука, за да не прави проблеми кога има врнежи се јавува проблем. Раководителот Мише Милошевски додаде во тој случај треба да се врати како што било предходно. Градоначалникот Никола Најдовски истакна ќе се бара решение за овај проблем средствата не се проблем важно е да најде начин како ќе се реши проблемот. Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Советот Љупчо најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 87/2
28.01.2025 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.